Ученикот Правобранител е ученик кој се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето. Реализацијата на овие активности е потпомогната од страна на стручната служба во училиштето. Задача на ученичкиот правобранител е да препознава прекршување на детските права и да собира поплаки од учениците. Понатаму правобранителот ги доставува поплаките до стручната служба за натамошно решавање. Ученикот правобранител имаше редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Правобранителот редовно учествуваше во работата на ученичкиот парламент.

11. Вонучилишни активности

11.1.Екскурзии, излети и настава во природа

Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни
на учениците со следниве членови:

1. Перо Арсеновски – директор
2. Милена Игњатова-помошник директор
3. Грозданка Крстевска-одделенски наставник
4. Снежана Петреска- одделенски наставник
5. Марина Нанева- одделенски наставник
6. Роберта Јорданова- одделенски наставник
7. Марина Стојчевска-одделенски наставник
8. Мирослава Павлова Аневска-предметен наставник
9. Мимоза Илиевска-предметен наставник
10. Марјан Куцуловски-предметен наставник
11. Петар Ацески-предметен наставник

Со оваа програма се одредуваат воспитно образовните цели, задачи, времетраењето, локациите за посета и правците на патување, техничката организација и начинот на финансирање на екскурзиите и слободните активности на училиштето и истата е изработена според “Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта”.

11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Поради новонастанатата ситуација со вирусот Ковид 19, сите екскурзии, излети за учениците во нашето училиште не се планирани и тие нема да се реализираат.

12. Ученичко организирање и учество

Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои ќе се презентираат постигањата на учениците и на училиштето во наставата и другите подрачја во воспитно-образовната дејност. Тие се организираа се со цел учениците да го развијат натпреварувачкиот дух. Учениците во првото полугодие земаа учество на распишани конкурси и други форми на натпревари и учество на манифестации организирани по повод државни празници, јубилејни прослави и сл. со свои творби по одделни предмети и области

-Учество во Проектот „1000 Менори“ организиран во чест на жртвите од холокаусот (I-3 и I-3 одделение)

-Училишни манифестации по повод патронен празник и хуманитрана акција

-Училишен литературен конкурс на тема Зимската магија насекаде царува ученикот Павел Зафировски од V-3 одделение освои прво место

-септември 2020-објава на е-книга (на македонски и англиски јазик) која ги содржи материјалите за 15 работилници за „Медиумска писменост и дигитално граѓанство“ во рамките на Еразмус-КА229 проект „Млади новинари денес-одговорни дигитални граѓани утре“

-октомври-декември 2020: активности со наставниците и учениците учесници во проектот КА229 проектот „Креативни читатели“

-октомври-декември 2020: активности со членовите на медиумската секција, објавени 36 натписи од членовите на Медиумската секција во е-весникот и превод на 18 натписа во рубриката - Гостин уредник во која се објавуваат преводи на 2 натписа месечно објавени во дигиталните весници на сите четири партнер-училишта во рамките на КА220 проектот „Млади новинари денес-одговорни дигитални граѓани утре“

-декември 2020-реализирани 3 работилници за медиумска писменост и дигитално граѓанство во рамките на Еразмус+КА229 проект „Млади новинари денес-одговорни дигитални граѓани утре“: "Дигитална драма" (во VII-4 одд), "Пораки во медиумите" (во VIII-4 одд) и Медија тренинг (во VI-6 одд)

-декември 2020-поставено Еразмус+ информативно пано посветено на проектните активности од Еразмус+КА229 проектот "Поинакво образование во училницата во природа" во ушилишната аула

-17.12.2020 година- презентација на Еразмус+КА229 проектот "Поинакво образование во училницата во природа пред Советот на родители"

-декември 2020-јануари2021-училишен конкурс за побезбеден интернет во рамките на Еразмус+КА229 проект „Млади новинари денес-одговорни дигитални граѓани утре“ за изработки во 3 категории: видео, дигитален стрип и расказ

-изработка на свеќници менори за еврејскиот празник Ханука

-Активности за проектот ПИРЛС

-Хуманитарна акција за ученичката Дарија Димовска

-Во првото полугодие тим на обучени наставници од страна на МОН одржа неколку обуки за Националната платформа за учење на далешина и за разни апликации поврзани со MS Teams и НПУД

-Учество во надворешни активности, настани, манифестации

-По предметот Ликовно образование освеноени се две места:

I место награда на ниво на град Скопје на тема „ Фер плеј во спортот “ ученикот Марко Колевски VII-6 одделение и I место награда на ниво на Град Скопје на тема „ Флора и Фауна “, ученикот Давор Панајотов VI-3 одделение

-учество на е-твининг проект „Мојот прекрасен Божиќ“

-Изработка на менори по повод празникот Ханука, во соработка со училиштето „Златен Сремац“ - учество V-1, V-2 и V-5 одделение

13. Унапредување на мултикулурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Во ООУ„Лазо Ангеловски“ се реализираше мулти-културно учење и притоа на учениците им овозможуваше да развијат почитување, како на сопствената култура, така и на културите на другите етнички заедници што живеат во РСМ. Учениците учеа за толеранција, почитување на разликите и негување на вредностите за заедничко живеење во мултикултурно општество.

И покрај тоа што во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и најбројни се Македонците, во училиштето се организираат повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители. Овие активности придонесуваат да се развиваат вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување и прифаќање на разликите меѓу луѓето и традициите, а исто така се подобрува и соработката меѓу учениците, наставниците и родителите од различна етничка припадност.

Училиштето е вклучено во проектот Меѓуетничка интеграција во образовнието и е збратимено со ООУ„Алија Авдовиќ“ од село Батинци. Целта на проектот е учениците да сфатат како да се живее во заедница во која постојат голем број културни разлики помеѓу нејзините членови, да се навикнуваат да ги надминуваат меѓусебните недоразбирања со толеранција и почит а со тоа и како да го спречуваат создавањето на конфликтите.

Сите предметни одделенски наставници според своите глобални, тематски, месечни и дневни планирања, во рамките на редовната настава реализираа часови со интегрирани содржини од МИМО. Поради Ковид-19 и учењето од далечина, најчесто активностите се адаптираат во онлајн форма.

Активностите планирани за првото полугодие од Акцискиот план и општинската интеграција за МИО не се реализирани во целост поради новонастанатата ситуација во државата со Ковид пандемијата и одржување на настава од далечина. Според препораките на МОН, почитувајќи ги правилата и протоколите, планираните активности со физичко присуство се одложени на неодредено време.

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во училиштето се реализираат следните проекти:

Име на проектот	Институции за подршка и помош	Име и презиме на наставникот или стручните соработници	Временска рамка на реализација	Средства за реализација на проектот	Општи цели

Меѓуетничка интеграција во образованието	поддржан од МЦГО,МОН и УСАИД	Мимоза Илиевска	Во текот на учебната година	/	Едуцирање на ученици за прифаќање на различностите
Математика со размислување	БРО	Душанка Панкова	Во текот на учебната година	/	Развивање на математички вештини
Јазична писменост	БРО	Тања Јосимовска	Во текот на учебната година	/	Примена на Јазичната писменост во помалите одделенија.
Училиште без насилство	МОН, УНИЦЕФ	Иванка Николова	Во текот на учебната година	Сопствени средства	Намалување на насилното однесување на учениците, создавање на безбедна училишна средина
ОХО проект- Интеграција на еколошка едукација на македонскиот образовен систем	МОН и Здружение на граѓани ОХО	Марина Кујунџиева	Во текот на учебната година	/	Подигање на еколошката свест кај младите
Безбедност во училиштето	СВР Скопје	Иванка Николова	Во текот на учебната година	Полициска станица Аеродром	создавање на безбедна училишна средина
Антикорупциска на учениците во основните училишта	МОН	Валентина Јањиќ	Во текот на учебната година	Сопствени средства	да се запознаат со поимот корупција,антикорупција,интегритет и етичност; -да се запознае што значи,,одолевање на социјален притисок,,;
Проект „Унапредување на воспитно образовниот процес и секојдневна грижа на деца со ПОП“	Општина Аеродром и УНДП	Тина Симиќ Ацковска	2020/2021	Општина Аеродром и УНДП	Подобрување на условите за работа на учениците со ПОП
Проектот за мобилност на наставници КА101: New kind of bridges – out of the box Градиме нови мостови – Размислувај надвор од кутијата	КА101 Проект од Еразмус плус програмата, Национална агенција за европски, образовни програми и мобилност	Координатор Љубица Ружинска и Тимот за проекти финансирани од ЕУ	2020/2021	Грант на проектот од страна на Националната агенција за европски,образо	*Начини за рабирање и менаџирање на чувствата, *развивање на комуникацијата со учениците и родителите со цел

				вни програми и мобилност	создавање атмосфера на разбирање која се фокусира на изнаоѓање решенија на проблемите.
Проект за стратешки партнерства на училишта КА229: Journalists of today – digital citizens of tomorrow (Новинари денес – дигитални граѓани утре)	КА229 Проект од Еразмус плус програмата, Национална агенција за европски, образовни програми и мобилност	Координатор Љубица Ружинска и Тимот за проекти финансирани од ЕУ	2020/2021	Грант на проектот од страна на Националната агенција за европски,образовни програми и мобилност	*развивање на комптенциите на учесниците за публикација и едитирање на дигитални училишни весници.
Проект за стратешки партнерства на училишта КА229: Creative readers (Креативни читатели)	КА229 Проект од Еразмус плус програмата, Национална агенција за европски, образовни програми и мобилност	Координатор Љубица Ружинска и Тимот за проекти финансирани од ЕУ	2020/2021	Грант на проектот од страна на Националната агенција за европски,образовни програми и мобилност	*употреба на иновативни и креативни пристапи и технологии за обработка на литературни/лектирни дела. * развивање на читачката писменост и вештини како основа за подобрени образовни постигања;
Проект за изучување на германскиот јазик од прво одделение	Гете институт и МОН	Анета Талеска	2020/2021	МОН и Гете институт	Рано изучување на германскиот јазик, почнувајќи од помалите одделенија.

Сите извештаи за работата на тимовите кои ги реализираат проектите во училиштето се дадени во прилог на полугодишниот извештај на училиштето.

15. Поддршка на учениците

15.1 Постигнување на учениците

- Постигнување на учениците на крајот од учебната 2020/2021 година

Успехот на учениците по генерации е прикажан во табелите од статистичкиот преглед

	Предмети	Бр.на ученици	УСПЕХ					среден успех
			5	4	3	2	1	
	ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ							
1	Македонски јазик	417	227	87	56	47	0	4,18
2	Англиски јазик	417	274	63	61	19	0	4,42
3	Француски јазик	188	83	37	32	36	0	3,89
4	Германски јазик	229	122	51	38	18	0	4,21
5	Математика	417	236	92	54	35	0	4,27
6	Историја	417	239	73	80	25	0	4,26
7	Географија	417	176	90	84	67	0	3,90
8	Биологија	417	198	96	82	41	0	4,08
9	Физика	266	93	53	83	37	0	3,76
10	Хемија	266	138	56	63	9	0	4,21
11	Ликовно образование	417	356	32	24	5	0	4,77
12	Музичко образование	417	301	71	45	0	0	4,61
13	Физичко образование	417	361	45	8	3	0	4,83
14	Техничко образование	0	0	0	0	0	0	0
15	Природни науки	0	0	0	0	0	0	0
16	Информатика	151	115	24	12	0	0	4,68
17	Етика	151	131	12	8	0	0	4,81
18	Општество	0	0	0	0	0	0	0
19	Граѓанско образование	266	208	43	15	0	0	4,73
20	Иновации	135	87	32	13	3	0	4.50
21	Работа со компјутери	0	0	0	0	0	0	0
	ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ							
1	Творештво	0	0	0	0	0	0	0
2	Етика на религии	0	0	0	0	0	0	0

3	**Запознавање на религии**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
4	**Техничко образование**	**83**	**81**	**2**	**0**	**0**	**0**	**4.98**
5	**Танци и народни ора**	**113**	**81**	**18**	**14**	**0**	**0**	**4.59**
6	**Истражување на роден крај**	**201**	**190**	**5**	**6**	**0**	**0**	**4.92**
7	**Програмирање**	**49**	**46**	**1**	**2**	**0**	**0**	**4.90**

Среден успех на ниво на училиште 4.45

Описно се оценети **1036** ученици (од I – VI одд.)

СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА ПАРАЛЕЛКИ И ГЕНЕРАЦИИ

VII одд	**VIII одд**	**IX одд**
VII-1- 4,44	VIII-1- 4,58	IX-1- 4,61
VII-2- 4,40	VIII-2- 3,62	IX-2- 4,56
VII-3- 4,32	VIII-3- 3,90	IX-3- 4,46
VII-4- 4,22	VIII-4- 4,69	IX-4- 4,28
VII-5- 4,42	VIII-5- 4,29	IX-5- 4,23
VII-6- 4,73	VIII-6- 4,41	
Среден општ успех на VII одд. **4,42**	Среден општ успех на VIII одд. **4,34**	Среден општ успех на IXодд. **4,43**
СРЕДЕН УСПЕХ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ- 4,45		

ПРЕГЛЕД НА ИЗОСТАНОЦИ НА НИВО НА ГЕНЕРАЦИИ

Одд .	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**I-V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**VI-IX**

Оправдани	885	810	321	122	96	2234	55	235	146	/	436
Неоправдани	/	/	12	/	360	372	/	2	376	/	378
Вкупно	885	810	333	122	456	2606	55	237	522	/	814

Вкупен број на изостаноци на ниво на училиште **-** ОПРАВДАНИ**-2670**
НЕОПРАВДАНИ **- 750**
ВКУПНО - 3420

Бр. на ученици			**Успех на учениците**																
м	**ж**	**вк.**	**одличен**			**многу добар**			**добар**			**Доволен**			**Позитивно оценети**			**Со слаби оценки**	
			м	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**
203	214	417	103	134	237	64	63	127	34	18	52	1	/	1	203	214	417	/	/	/

ПРЕГЛЕД НА ПОВЕДЕНИЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Одделение	**I**	**II**	**III**	**IV**	**V**	**VI**	**VII**	**VIII**	**IX**	**ВКУПНО**
примерно	187	192	176	162	164	155	151	131	135	1453
добро	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
незадоволително	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/

УЧЕНИЦИ СО СЛАБИ ОЦЕНКИ

Слаби оценки	Бр. на ученици	М	Ж
Со една слаба	/	/	/
Со две слаби	/	/	/
Со три и повеќе	/	/	/
Вкупно	/	/	/

УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Национална структура		**Македонци**			**Албанци**			**Срби**			**Власи**			**Турци**			**Роми**			**Бошњаци**			**Други**		
		м	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**М**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**	**м**	**ж**	**вк.**
		200	**213**	**413**	**/**	**/**	**/**	**1**	**/**	**1**	**/**	**/**	**/**	**/**	**1**	**1**	**2**	**/**	**2**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**	**/**
успех	Одличен	102	134	236	/	/	/	1	/	1					/	/	/			/	/		/	/	/
	Мн.добар	64	62	126										/	1	1	/	/	/						
	Добар	33	18	51													1	/	1	1		/	/	/	/
	Доволен	/	/	/													1	/	1						
	Со слаби оценки	/	/	/													/	/	/						

Пофалени ученици:

Име и презиме на ученикот	Одделение
Јована Радосављев	III-1
Миа Марија Јакимовска	III-1

Лана Настевска	III-2
Стефан Радевски	III-2
Симона Рајковчевска	III-2
Дамјан Стефанов	III-3
Михаил Кескинов	III-3
Сара Богатинова	III-3
Горјан Петрушевски	III-4
Марија Петрушевска	III-4
Теофил Сачкарски	III-4
Филип Цоковски	III-4
Стефан Трајковски	III-5
Миахела Митева	III-5
Дамјан Наунов	III-5
Мишо Рогачиќ	III-6
Александар Цветковски	VI-1
Андреј Цветковски	VI-1
Максимилијан Павловски	VI-2
Гаврил Азманов	VI-2
Александра Митеска	VI-3
Марко Чиплакоски	VI-3
Војдан Пејковски	VI-4

Теона Ангеловска	VI-5
Максим Велковски	VI-5
Мила Настевска	VI-6
Вероника Илиевска Тосковска	VI-6
Калина Граорковска	VI-6
Гала Додевска	IX-3
Марта Стојковска	IX-3
Анастасија Христовска	IX-3
Марија Митевска	IX-4
Миа Драгиќ	IX-4
Ева Костенчева	IX-4
Марко Велјаноски	IX-5
Андреј Костовски	IX-5
Илија Јовчев	IX-5

15.2 Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.
Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците.

Во текот на второто полугодие ќе се организираат презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците ќе се запознаваат со условите и критеирумите за упис во средно образование.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Нашето училиште се залага да биде училиште каде што сите негови чинители ќе се чувствуваат безбедни, среќни,добредојдени, ќе може да учат и да се надоградуваат на професионален и образовен план.

Во училиштето има формирано тим за ненасилно однесување и истиот има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваа учениците преку индивидуални и групни активности. Стручните соработници и наставниците остварува советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави.

Во соработка со Општина Аеродром и институтот Европа за тебе Скопје , во нашето училиште се одржа координативна средба за договорање на идните активности во врска со проектот Како до побезбедни училишта. Проектот е посветен на меѓуврсничкото насилство (булинг) и има за цел на транспарентен и сеопфатен начин да се проговори за оваа појава и да се изнајде најсоодветен начин за негово спречување и превенирање.

За болестите на зависност одделенските раководители и раководителите на паралелки на одделенските часови реализираа работилници од програмата за Животни вештини. За учениците кои имаа асоцијално однесување, наставниците во соработка со стручната служба преземаа мерки за нивно надминување преку советување на учениците и родителите, изрекување на соодветни педагошки мерки според Интерниот правилник на училиштето за награди и казни, известување до педагошката служба во МОН.

Во рамките на превентивните активности, стручните соработници остварува соработка со Центарот за социјална работа, МВР, Заводот за ментално здравје, полициската станица Аеродром. На овие теми во второто полугодие се планираат едукативни работилници со родители, ученици и наставници кои имаат за цел подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

16. Оценување

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Наставниците користеа различни методи, техники и инструменти за следење на постигнувањата на учениците при формативното оценување и креирање на сумативната оценка.Оценувањето наставниците го планираа според однапред утврдена динамика и ја дефинираа во нивните годишни, тематски и процесни планирања. Следењето на напредокот и проверувањето на постигањата на учениците се вршеше преку континуирана примена на методи, форми и постапки за формативно оценување , како и инструменти за следење на постигањата на учениците.Настваниците практикуваа Разговор со/меѓу учениците; Практични изведби; Усни презентации;

Есеи изработени вон часот; Проектна работа; Портфолио на ученикот; Објективни тестови ,усни одговори на прашања поставени од наставникот,, усна повратна информација, чек листа за изработени задачи, листа за самооценување.наставни тестови,наставни листови,усни презентации,проектни активности,според можностите кои ги нудат он-лајн алатките за вреднување на знаењето.
Учениците ова полугодие беа оценети според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.
На почетокот на учебна година наставниците изготвувија План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката.
Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваа описно и бројчани според три периоди:
Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваа со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваа со описни оценки.
Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваа само со бројчани оценки.
Учениците со ПОП согласно измените во Законот за основно образование член 139 (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) во првиот период постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано.
Во ова полугодие нашите ученици со ПОП во третиот период се оценети бројчано.
Одделенските наставници, односно раководители на паралелката ги известуваа родителите, односно старателите за успехот на ученикот најмалку два пати во полугодието.

16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

За поддршка на наставниците при оценувањето и унапредување на оценувањето во училиштето има формиран тима за унапредување на оценувањето.
Училиштето има Тим за унапредување на следењето на постигнувањата на учениците.
Координатор на тимот-Жаклина Колевска; членови: Вангелица Поповска, Златика Јолеска Даскалов, Снежана Петреска, Мирослава Павлова Аневска, Мирјана Смилевска, Билјана Спасова
Тимот работеше според активностите предвидени во својата програма за работа. За поуспешна реализација на активностите, тимот за унапредување на оценувањето соработуваше со тимот за ИОП, тимот за професионален развој на наставниците во училиштето, тимот за ИКТ,тимот за еколошка интеграција. По потреба се водеа консултативни разговори со стручната служба во училиштете и консултации со наставниците за да може да одговори на нивните потреби поврзани со оценувањето на постигнувањата на учениците.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар

Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведуваше во зависност од воспитно-образовната активност што требаше да биде следена. Се вршеше по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираа податоци, а потоа истите се

евидентираат и обработуваат.Се следеа тематските и годишните планирања ,дневните подготовки ,реализација на наставен час, водење на педагошката евиденција и водење на воннаставните активности

Раководната и стручната служба имаат изработено инструменти за посета на наставните часови во зависност од аспектот на следење.

16.4 Самоевалвација на училиштето

Започнувајќи на 01.09.2019 год училиштето го започна процесот на Самоевалуација за работата на училиштето за периодот од 2019 до 2021 година. Поради тоа оваа учебна година Тимот за Самоевалуација ја продолжи својата работа и потребно е до крајот на оваа учебна година односно заклучно со 31.08.2021 да изготви извештај за спроведената самоевалуација за периодот 2019/21 год.

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата

КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019-2021 година составена од:

1.Тина Симиќ Ацковска-стручен соработник

2. Лолита Трајковска -предметен наставник

3. Филип Ацески-предметен наставник

4. Вангелица Поповска-предметен наставник

5. Игор Павлески-родител

. **Работни групи по подрачја:**

Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето

Соња Геговска- одделенски наставник

Петранка Крстева- одделенски наставник

Мирјана Смилевска- одделенски наставник

Кристина Башовска- одделенски наставник

Дарко Димковски- одделенски наставник

Ивана Младеновска- одделенски наставник

Подрачје 2: Постигнување на учениците

Грозданка Крстевска- одделенски наставник

Анета Талеска- предметен наставник

Славица Стојановска- одделенски наставник

Тања Крстевска- предметен наставник

Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници , воспитувачи и раководен кадар

Магдалена Петреска- одделенски наставник

Јасмина Ристовска- одделенски наставник

Ирена Шорева- предметен наставник

Подрачје 4: Управување и раководење

Весна Анѓелевска-предметен наставник

Лидија Божиновска- одделенски наставник

Слаѓана Јокиќ- одделенски наставник

Подрачје 5: Комуникација и односи со јавност

Христина Божиновска- одделенски наставник

Емилија Христова- одделенски наставник

Весна Стрезоска- одделенски наставник

Подрачје 6: Училишна клима и култура

Милена Калиновска- предметен наставник
Весна Мирческа- одделенски наставник
Марија Митева- одделенски наставник
Билјана Колевска- одделенски наставник
Марина Нанева - одделенски наставник
Анета Димовска- одделенски наставник

Подрачје 7: Соработка со родители и локална средина

Работата и активностите на комисијата и работните групи по подрачја се одвива континурано и тековно за изминатиов перод од учебната 2020-2021 година.. Се оддржуваа состаноци на ниво на работните групи како и заеднички состаноци со комисијата и работните групи на кои се дискутира тоа што е сработено се даваат забелешки сугестии, препораки како и насоки за наредни активности и чекори што треба да се сработат.

17. Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди". Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Училиштето поседува и дефибрилатор. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.

За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите, а влезните врати се заклучени. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурен наставник се додека не ги земат родителите , а за тоа се води редовна евиденција. Поставени се видеокамери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.

18. Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да преземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето соработуваше со медицински центар за организација и реализација на систематските прегледи за учениците, со Заводот за здравствена заштита и со Црвениот крст. Здравствената едукација на учениците се остварува и во текот на редовната настава по предметите физичко и здравствено образование, природа, природни науки, биологија, екологија, образование за животни вештини и преку интегрирање на наставните содржини преку програмата Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на РСМ.

18.1 Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена. Во првото полугодие се водеше особена грижа за усвојување и почитување на препораките и мерките за заштита од Ковид 19. За таа цел се изработи и кодекс на однесување во време на Ковид 19.

Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на првото полугодие ја поттикнуваше свеста кај учениците за одржување на хигиената. Одделенските раководители во својата паралелка превентивно работеа и реагираа во ситуации кога е намалена хигиената. Училиштето континуирано обезбедуваше средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето соработуваше со службите за дезинфекција,дезинсекција и дератизација.

18.2 Систематски прегледи

Во првото полугодие се организираше санитарен и систематски преглед за сите вработени. Систематскиот преглед за вработените се реализираше во соработка со ПЗУ поликлиника Тоспаш, а санитарниот преглед во соработка со Центарот за јавно здравје-Скопје. Редовни систематски прегледи се реализираа за учениците според планот на Поликлиника Јане Сандански, со која и оваа година продолжи соработката.

Од страна на стоматолошката амбуланта во Поликлиниката Јане Сандански се изршија редовни стоматолошки прегледи на забите на учениците од III и VII одделение.

18.3 Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение се врши според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје - Скопје, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Во првото полугодие се изврши ревакцинирање за детска парализа, дифтерија и тетанус за учениците од IX одд.

18.4 Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето реализира едукативни предавања за здрава храна. Целта е едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности.

19. Училишна клима

19.1 Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите во ходниците, санитарните јазли и во училишниот двор. Според распоредот задолжените одговорни наставници водат евиденција за тековните збиднувања за дисциплината за време на одморите . Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето ќе се продолжи со едукација на вработените за асертивно однесување,тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти.

19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развива одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негува позитивниот однос кон работата. Во текот на првото полугодие одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес,учествуваа во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот Роберта Јордановска и Ристо Андреев, а во која се посочени активности за разубавување и уредување на училниците, холовите, преку изработки според актуелните теми кои се реализираат.

19.3 Етички кодекси

Училиштето има изработено кодекси на однесување на вработените, на учениците, на родителите, кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии, . Тие се истакнати на видни места во училиштето и со нив се запознаени сите инволвирани. Редовно, на почетокот на секоја учебна година наставниците, учениците и родителите се потсетуваат на правилата на однесување во училиштето и се инсистира на нивно почитување. За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки. Во текот на ова полугодие се изработи кодекс за однесување на вработените, родителите и учениците во услови на пандемија од Ковид 19.

19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Тимот за односи меѓу сите структури (Перо Арсеновски-директор, Силвана Давчевска- секретар, Игор Павлески – совет на родители, Иванка Николова – социолог, Вангелина Мојаноска – одделенски наставник, Давид Стојчевски – училишен прламент) преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, законот за основно образование и интерните правилници, секогаш се почитуваат.За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето, внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. За децата со посебни образовни потреби, е вклучено стручно лице-дефектолог, кое работи со тие ученици. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители ,чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби.

За да се подобри квалитетот на училиштето се вршат анализи на резултатите добиени на полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата се прават планирања за следната учебна година.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Професионалниот развој на наставниците овозможува во нивните училници да се постигне следното:

- Развивање на сопствените знаења и вештини активно и искуствено (емпириски), во различни околини за учење како индивидуално така и колаборативно
- Вклучување на различни стратегии за учење кои вклучуваат директно поучување,дедуктивно заклучување (дедукција), дискусии, индукција и споделување
- стремење кон вештините за размислување од повисок ред.
- обезбедување на автентична околина за учење за да можат наставниците да се вклучат во конкретни задачи со реални сценарија.
- Нагласување на начините на кои технологијата може да го фасилитира - олеснува и засили професионалниот живот на наставниците
- Охрабрување на наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации)
- развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи – learning how to learn (дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно)
- промовираат колаборативно и кооперативно учење;
- Развивање сензитивност (осетливост) за различностите на наставниците како ученици, користејќи повеќе апстрактен пристап како одговор на различните стилови на учење, можностите, опкружувањето и почетните позиции
- Овозможува учење независно од времето и местото

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и оснивачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесува личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваат.

Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија.Тимот за професионален развој изготвува програма за професионален развој за тековната учебна година врз основа на потребите на наставниците.

Исто така, училиштето редовно ги упатува наставниците и стручните соработници да ги посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник. Редовно се вршат дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

20.2 Активности за професионален развој

Според Законот за наставници ,наставниците во основното и средното училиште во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат.

Од спроведената анкета, наставниците имаат потреба од обуки за Насоки за подготвување на ИОП, насоки за изготвување правилна педагошка евиденција и документација, насоки за изготвување на програма за нов развоен план на училиштето, помош и насоки за работа со ученици со потешкотии во учењето:-дислексија,дисграфија, дискалулија и сл. За таа цел во училиштето:

- ✔ Изработени се акциони планови за сите облици на професионален развој
- · Обуки од секаков облик
- · Семинари (во училиштето и надвор од него)
- · Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти
- ✔ Планирана е задолжителна дисеминација
- ✔ Задолжително е изработка на извештаи пропратени со евалвација на секој облик од каде ќе произлегуваат и наредните облици на професионален развој

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.

